**2024017491**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЗА 2024 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), раздел 140.01, Потпрограма 60 – Водостопанство, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар, ставка 482 – Други градежни објекти, ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства и ставка 464 – Разни трансфери се утврдуваат намените за користење на средствата за реализирани работи во 2024 година во вкупен износ од 423.323.000,00 денари.

II

Средствата од дел I од оваа програма во износ од 423.323.000,00 денари се распоредуваат за:

| **Ред. бр.** | **Мерка** | **Износ на средства (во денари)** |
|---|---|---|
| 1 | Изградба, реконструкција, одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изградбата; експропријација и пренамена на земјиште, и тоа за: Изработка на геодетски елаборати за посебни намени, Студија за брана Вакуф, Студија за систем за наводнување Долнени, Изградба на брана на Слупчанска Река | 20.000.000,00 |
| 2 | Обврски по започнати капитални проекти за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица. | 171.000.000,00 |
| 3 | Обврски по Договори за проекти кои се во тек на реализација и за проекти за кои е започната постапка за јавна набавка од страна на Управата за водостопанство, и тоа за: Реконструкција на ПС Дебарско Поле, Изградба на систем Колибари, Основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од ХМС Равен Речица, Изработка на Основен проект за реконструкција и модернизација на систем за наводнување во општина Сарај, Изградба, реконструкција и модернизација на систем за наводнување во општина Сарај. | 148.023.000,00 |
| 4 | Изградба, реконструкција, рехабилитација, санација на водостопански објекти со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, и тоа за: Набавка на резервни резевни делови и Втора фаза од санација на Сифон Макарија. | 28.049.000,00 |
| 5 | Обврски по склучени Договори за изградба, реконструкција и одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување, и тоа за: Пумпна станица Марена и набавка на резервни делови од страна на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост-Скопје. | 55.251.000,00 |
| 6 | Обврски за активности за остварување на соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на водите. | 1.000.000,00 |
| | **Вкупен износ на средства (во денари)** | **423.323.000,00** |

III

Реализацијата на средствата од дел II мерки 1, 2, 3 и 6 од оваа програма во износ од 340.023.000,00 денари ќе ја врши Управата за водостопанство, и тоа за:

-Изградба, реконструкција, одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изградбата; експропријација и пренамена на земјиште, и тоа за: Изработка на геодетски елаборати за посебни намени, Студија за брана Вакуф, Студија за ситем за наводнување Долнени, Изградба на брана на Слупчанска Река, предвидени се средства во износ од 20.000.000,00 денари.

- Обврски по започнати и недовршени работи за склучени договори за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица, предвидени се средства во износ од 171.000.000,00 денари.

- Обврски по Договори за проекти кои се во тек на реализација и за проекти за кои е започната постапка за Јавна набавка од страна на Управата за водостопанство, и тоа за: Реконструкција на ПС Дебарско Поле, Изградба на систем Колибари, Основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од ХМС Равен Речица, Изработка на Основен проект за реконструкција и модернизација на систем за наводнување во општина Сарај, Изградба, реконструкција и модернизација на систем за наводнување во општина Сарај, предвидени се средства во износ од 148.023.000,00 денари.

-Обврски за активности за остварување на соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на водите, предвидени се средства во износ од 1.000.000,00 денари.

IV

Реализацијата на средствата од дел II мерка 4 од оваа програма во износ од 28.049.000,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост-Скопје за изградба, реконструкција, рехабилитација, санација на водостопански објекти со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, и тоа за: Набавка на резервни резевни делови и Втора фаза од санација Сифон Макарија.

V

Реализацијата на средствата од дел II мерка 5 од оваа програма во износ од 55.251.000,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост-Скопје за обврски по започнати и недовршени работи за обврски по склучени договори за изградба, реконструкција и одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување, и тоа за: Пумпна станица Марена и набавка на резервни делови од страна на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост- Скопје.

VI

За реализација на средствата од мерките 1 и 4 утврдени во дел II од оваа програма ќе биде спроведена тендерска постапка согласно Законот за јавните набавки.

Реализацијата на средствата од мерките 2 и 3 утврдени во дел II од оваа програма ќе се врши согласно претходно спроведени постапки за јавни набавки, склучени договори и доставена финансиска документација за исплата.

VII

Плаќањето на средствата за реализација на мерките од дел II од оваа програма ќе се врши на економски оператори или физички лица врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, кон кое ќе биде доставена документација од авансни фактури, авансни ситуации, времени ситуации, завршни ситуации или фактури, со прикажаните извршени работи или услуги, потврдени од страна на надзорниот орган или ревидентот или склучени спогодби и судски одлуки за висина на надоместок за експропријација и договори за надомест на штета за пренамена на земјиште.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-829/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.